Врз основа на член 19, 26 и 27, 27-а, 27-б и 27-в од Законот за ревизија (Сл. весник на Република Македонија бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14,145/15,192/15, 23/16 и 83/18) и член 7 ст.1 т.2, и член 25 ст.7 т.1 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ, на предлог на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор, на ден 08.10.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор бр. 01-171/1 од 31.10.2012 година.

**Член 2**

Во член 1 став 1 од Правилникот се брише зборот ,,начинот,, а по зборот ,,условите,, се додаваат зборовите ,,и постапката,,.

**Член 3**

Се менува членот 2 од Правилникот и гласи:

Комисијата е составена од 5 члена од кои претседател на Комисијата е претставник од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) и четири члена кои се овластени ревизори.

**Член 4**

Се менува член 4 од Правилникот и гласи:

,,Полагањето на испитот за стекнување на звање ревизор се спроведува според Програма за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор која ја донесува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (во понатамошниот текст (Институтот), а за истата дава согласност Советот,,.

**Член 5**

Во член 5 став 1 од Правилникот се бришат зборовите ,,(во понатамошниот текст : ИОРРМ) и се брише став 4 од овој член.

**Член 6**

Член 6 од Правилникот се менува и гласи:

,,Лицето кое сака да стане ревизор поднесува писмено барање до Институтот, за полагање на испит за стекнување на звање ревизор.

Барањето за полагање на испит за стекнување на звање ревизор мора да содржи докази дека лицето ги исполнува условите за полагање на испитот утврдени со член 6-а од овој правилник.

Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член го пропишува Советот.

**Член 7**

После член 6 од Правилникот се додава нов член 6-а кој гласи:

„За полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор лицето треба да ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) од областа на економските, правните науки или друго соодветно образование;

2) да го познава македонскиот јазик;

3) да не е осудуван со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата во врска со работењето и тоа за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;

4) да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност„.

**Член 8**

Во член 8 од Правилникот после зборовите „член 6„ се додаваат зборовите „ и член 6-а„ .

**Член 9**

Во член 9 став 1 од Правилникот после зборовите „член 6„ се додаваат зборовите „и член 6-а„.

**Член 10**

Во член 17 од Правилникот се бришат зборовите „писмениот испит„ а после зборовите „резултатите од„ се додава зборот „испитот„.

**Член 11**

Во член 18 од Правилникот зборот „го„ се заменува со зборот „ги„ а после зборот „предмети„ се додаваат зборовите „од испитот„.

**Член 12**

Членот 19 од Правилникот се менува и гласи:

„Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор до 08.05.2018 година ке завршат согласно со одредбите од Законот за ревизија„.

**Член 13**

Во членот 20 од Правилникот после зборот „ревизијата„ се додаваат зборовите „на Република Македонија„.

**Член 14**

Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор во останатите делови, неспомнати во оваа одлука, остануваат непроменети.

**Член 15**

Оваа Одлука за измена на Правилникот стапува на сила на денот на донесување на одлуката, а истата ќа се применува по добивање на согласност од Советот.

Драган Димитров
Претседател на ИОРРМ

*На 07.11.2018 година, СУНРРМ даде согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор*